News Release
Communiqué

**For Immediate Release**

*Également disponible en français*
*Достапно и на македонски*

# MACEDONIA: GROUP WINS HIV AND RIGHTS AWARD

***Advocacy on Behalf of Sex Workers, Drug Users Honored at International AIDS Conference***

**(Vienna, July 20, 2010)** — Healthy Options Project Skopje (HOPS) is the recipient of the 2010 international Award for Action on HIV/AIDS and Human Rights, the Canadian HIV/AIDS Legal Network and Human Rights Watch announced today. The award, which recognizes outstanding individuals and organizations that protect the rights and dignity of people living with or affected by HIV/AIDS, was presented in Vienna on July 20, 2010, at the XVIII International AIDS Conference.

"Sex workers routinely face human rights abuses, including the discriminatory denial of health services, arbitrary detention by police, harassment, and sexual and physical violence," said Richard Elliott, executive director of the Canadian HIV/AIDS Legal Network (www.aidslaw.ca). "This award recognizes the tremendous contribution of HOPS to seeking justice for sex workers and improving their access to health, social, and legal services."

Started in 1997 in Skopje, Macedonia, HOPS is a citizen association that initially operated as Macedonia's first needle exchange program. Since then, it has successfully operated a range of harm-reduction programs, preventing the spread of HIV/AIDS and other sexually transmitted and blood-borne infections. It also operates programs to foster social reintegration and re-socialization among youth and vulnerable groups such as drug users and sex workers and their families.

"I am honored to accept this award on behalf of Healthy Options Project Skopje," said Vlatko Dekov, executive director of HOPS. "I am proud that our advocacy has contributed to creating policy changes but furthermore, that our outreach activities and drop-in center have encouraged safer behaviors among Macedonian sex workers and helped create a sense of community and greater empowerment for sex workers, people who use drugs, and other socially marginalized people."

HOPS carried out a video advocacy campaign following a November 2008 police raid targeting sex workers. Authorities forcibly tested those they detained for HIV and hepatitis C virus and published photos and videos of the detained sex workers. The campaign drew international attention and opened a dialogue with law enforcement officials to reduce the number of violent incidents committed against sex workers by police officers and improved police response when sex workers experience violence

at the hands of others.

“The International AIDS Conference presents a forum to focus worldwide attention on human rights abuses against sex workers and the courageous work of HOPS,” said Joseph Amon, director of the Health and Human Rights Program at Human Rights Watch (www.hrw.org/health). “Police violence against sex workers increases their vulnerability to HIV infection and drives them away from care and treatment.”

The Awards for Action on HIV/AIDS and Human Rights were established in 2002 by the Canadian HIV/AIDS Legal Network and Human Rights Watch. An award is presented annually to one Canadian and one international recipient. This year’s Canadian award was given last month to Ralf Jürgens, a lawyer and international AIDS and human rights advocate who has worked for more than 25 years to defend and promote human rights, with a particular focus on the rights of people who use drugs and people in prison or other closed settings.

**To learn more about HOPS, please visit:**

- HOPS website: www.hops.org.mk

**To learn more about the November 2008 raid and arrest of sex workers, please visit:**

- HOPS video with advocacy organization WITNESS that provides an account of the raid: http://hub.witness.org/en/upload/sex-workers-rights-macedonia-you-must-know-about-me-excerpts
- HOPS and WITNESS video that documents the raid: http://hub.witness.org/en/YMKAM
- Canadian HIV/AIDS Legal Network and Human Rights Watch December 2008 joint open letter to the government of Macedonia regarding the raid: http://www.aidslaw.ca/publications/publicationsdocEN.php?ref=908

**To see past recipients of the Award for Action on HIV/AIDS and Human Rights, please visit:**

- Canadian HIV/AIDS Legal Network website: www.aidslaw.ca/awards

**For more information, please contact:**
In Vienna, for the Canadian HIV/AIDS Legal Network, Richard Elliott (English, French, Spanish): +1-416-898-3313 (mobile)
In Vienna, for Human Rights Watch, Joseph Amon (English): +1-917-519-8930 (mobile)
In Vienna, for the Canadian HIV/AIDS Legal Network, David Cozac (English, French, Spanish): + 44-792-451-1231 (mobile)
In Toronto, for the Canadian HIV/AIDS Legal Network, Gilles Marchildon (English, French): +1-416-595-1666 ext. 228

Canadian HIV/AIDS Legal Network | Réseau juridique canadien VIH/sida

HUMAN RIGHTS WATCH

# Соопштение за јавност

**За објавување веднаш**

*Also available in English*
*Également disponible en français*

# МАКЕДОНИЈА: НВО ДОБИ НАГРАДА ЗА ДЕЛУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ХИВ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

***Застапници на правата на сексуалните работници и корисниците на дрога беа наградени на Меѓународната конференција за СИДА***

**(Виена, 20 јули, 2010 година)** — ХОПС – Опции за здрав живот е добитник на Меѓународната Награда за ХИВ/СИДА и Човекови Права за 2010 година, објави денес Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА и Хјуман Рајтс Воч (Human Rights Watch). Наградата со која се одликуваат извонредни поединци и организации кои работат на заштита на правата и достоинството на луѓе кои се под ризик или влијание на ХИВ/СИДА, беше доделена во Виена на 20 јули, 2010 година, на XVIII Меѓународна Конференција за ХИВ/СИДА.

"Сексуалните работници секојдневно се соочуваат со прекршувања на нивните човекови права, вклучувајќи и дискриминаторско одбивање на здравствени услуги, произволни приведувања од страна на полицијата, малтретирање, и сексуално и физичко насилство," рече Ричард Елиот, извршен директор на Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА (www.aidslaw.ca). "Оваа награда го потврдува огромниот придонес на ХОПС во потрагата по правда за сексуалните работници и во подобрувањето на нивниот пристап до здравствени, социјални и правни услуги."

Почнувајќи од 1997 во Скопје, ХОПС ја отвара првата програма за размена на опрема за инјектирање во Македонија. Оттогаш, успешно спроведува неколку програми за намалување на штети, на тој начин спречувајќи го ширењето на ХИВ/СИДА и други сексуално и крвно преносливи инфекции. Ја поддржува и социјалната реинтеграција и ре-социјализација на младите и ранливите групи како што се корисниците на дрога, сексуалните работници и нивните семејства.

"Чест ми е да ја примам наградата во име на ХОПС," изјави Влатко Деков, извршен директор на ХОПС. "Горд сум што нашите заложби придонесоа до промени во политиките, и што нашите терենски активности и дневни центри поттикнаа побезбедно однесување кај македонските сексуални работници и помогнаа во изградбата на чувство на заедништво и зајакнување кај сексуалните работници, луѓето што користат дроги, и другите социјално маргинализирани лица."

ХОПС спроведе кампања за застапување по полициската рација насочена кон сексуалните работници што се случи во ноември 2008. Властите насилно ги тестираа приведените, за ХИВ и Хепатит Ц и објавија фотографии и видео снимки на приведените сексуални работници. Кампањата привлече меѓународно внимание и отвори дијалог со полицијата за намалување на бројот на насилни инциденти против

сексуалните работници од полицајци, и ги подобри полициските реакции при насилство врз сексуалните работници од трети лица.

“Со Меѓународната Конференција за СИДА се насочува светското внимание врз злоупотребата на човековите права на сексуалните работници и храброста на ХОПС,” рече Џозеф Ејмон, директор на Програмата за Здравје и Човекови Права во Хјуман Рајтс Воч (Human Rights Watch - www.hrw.org/health). “Полициското насилство врз сексуалните работници ја зголемува нивната ранливост на ХИВ инфекции и ги оддалечува од медицинска грижа и третман.”

Наградите за делување во областа на ХИВ/СИДА и човекови права беа воведени во 2002 година од Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА Хјуман Рајтс Воч. Годишно се доделуваат две награди и тоа една во Канада а една на меѓународно ниво. Овогодишната канадска награда беше доделена минатиот месец на Ралф Јиргенс, адвокат и застапник за човекови права и СИДА, кој веќе 25 години работи во одбрана и промоција на човековите права, со особен фокус на правата на луѓето кои користат дроги и луѓето во затвори или други затворени установи.

**За да дознаете повеќе за ХОПС, посетете ја:**

- Веб страната на ХОПС: www.hops.org.mk

**За да дознаете повеќе за рацијата и апсењето на сексуалните работници во ноември 2008 година, ве молиме посетете ги:**

- Видео изготвено од ХОПС и организацијата за човекови права Витнес (WITNESS) кое дава преглед на насилството врз сексуалните работници: http://hub.witness.org/en/upload/sex-workers-rights-macedonia-you-must-know-about-me-excerpts
- Видео на ХОПС и Витнес кое ја документира рацијата: http://hub.witness.org/en/YMKAM
- Отворено писмо од Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА и Хјуман Рајтс Воч до Македонската влада, во врска со рацијата од Ноември 2008 година: http://www.aidslaw.ca/publications/publicationsdocEN.php?ref=908

**За преглед на претходните добитници на Наградата за делување на полето на ХИВ/СИДА и човекови права, посетете ја:**

- Веб сајт на Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА: www.aidslaw.ca/awards

**За повеќе информации, ве молиме контактирајте не:**

Во Виена, за Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА, Ричард Елиот (на англиски, француски или шпански јазик): +1-416-898-3313 (мобилен)

Во Виена, за Хјуман Рајтс Воч, Џозеф Ејмон (на англиски јазик): +1-917-519-8930 (мобилен)

Во Виена, за Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА, Дејвид Козак (на англиски, француски или шпански јазик): + 44-792-451-1231 (мобилен)

Во Торонто, за Канадската Правна Мрежа за ХИВ/СИДА, Жил Маршилдон (на англиски или француски јазик): +1-416-595-1666 локал 228